J. 1712-69
VRHOVNO SODIŠČE LJUBLJANA
2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 10 декември 1969
Скопје
Број 42 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

**332.**

Врз основа на член 166 став 3 од Законот за високото школство на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата на Републичкиот собор одржана на 10 ноември 1969 година, и на седницата на Соборот на општините одржана на 27 ноември 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СОВЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат членовите на Универзитетскиот совет поради истечување на времето за кое се именувани и тоа:

— Никола Бошале, член на Секретаријатот на ЦК СКМ;

— инж. Љупчо Милевски, заменик на техничкиот директор во Рудници и железарница — „Скопје“ во Скопје;

— инж. Бранка Трпеска, управник на одделение во „ОХИС“ — Скопје;

— Нико Ничота, претставник на Сојузната стопанска комора во СР Романија;

— Кадриу Тахир, пратеник на Општествено-политичкиот собор на Сојузната скупштина.

2. За членови на Универзитетскиот совет се именуваат:

— Драган Захариевски, член на Извршниот совет;

— Стојче Стојчевски, член на Секретаријатот на ЦК СКМ;

— инж. Ристо Гушков, технички директор на цементарата „Усје“ — Скопје;

— д-р Вулнет Старова, републички секретар за народно здравје и социјална политика;

— инж. Ангел Зафиров, директор на сектор во Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 3867
28 ноември 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**333.**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на општините, одржана на 27 ноември 1969 година, го претресе Извештајот на функционирањето на соборите на работните заедници во општинските собранија, поднесен од Секретаријатот за законодавство и организација на Извршниот совет и врз основа на член 1 од Одлуката за начинот на работа на Соборот на општините и согласно со член 158 од Деловникот на Собранието на СРМ, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

### I

1. Соборите на работните заедници на општинските собранија во основа работат како составен дел на Собранието — на заеднички седници со општинските собори.

Тие во практиката сè уште не се афирмирани како „заеднички работнички совет“ на работните организации од подрачјето на општината.

Една од причините за ваквата состојба е тоа што соборите не ја програмираат и развиваат својата работа на посебни седници. Врз ваквата состојба влијае и непрецизно утврдениот делокруг на соборите во статутите на општините. Освен тоа, недоволната афирмираност на соборите на работните заедници се должи и на нерасчистените прашања кај работните организации за тоа што претставува помагање, а што мешање во нивното самоуправно работење.

Во последно време соборите на работните заедници настојуваат да воведат методи кои ќе им овозможат посамостојно и понепосредно да ги следат појавите и проблемите во дејствувањето на работните организации и да влијаат врз усогласувањето на нивните интереси. Позитивен чекор во тоа е што одделни собори ја програмираат својата работа, одржуваат посебни седници со учество на претставници на работните организации и сл. Нивната соработка со органите на управувањето на работните организации, главно, се одвива по писмен пат кој не дава резултати, на што укажува фактот дека овие организации не даваат писмени забелешки на материјалите што им се доставуваат на мислење.

2. Во оние општини во кои соборите на работните заедници одржуваат посебни седници забележително е и подобрувањето на активноста на одборниците на овие седници.

Меѓутоа, и покрај тоа што во извесна смисла е подобрена активноста на одборниците на седниците на соборите на работните заедници, таа активност по завршувањето на седниците е недоволна. Имено, одборниците на овие собори ретко присуствуваат на седниците на органите на управување во работните организации, поради што и на седниците на соборите претежно изнесуваат свои мислења и предлози.

II

За да можат соборите на работните заедници на општинските собранија да се афирмираат како тела составени од претставници на работните луѓе во работните заедници од подрачјето на општината и за да можат тие да ја остваруваат нивната уставно утврдена функција, потребно е:

1. да ја програмираат својата работа на посебни седници, со што ќе се создаваат услови за перманентно следење на проблемите и појавите на работните организации во општината;

2. да се прифати практиката на соборите на работните заедници на одделни општини на седниците да се поканувaат претставници или комплетни состави на органите на управување во работните организации, со што ќе се обезбеди влијание на овие организации врз заземањето на ставови и донесувањето на препораките и заклучоци;

3. да се организираат работни состаноци со претставниците на работните организации за разгледување на нацрти на препораките што ги донесуваат соборите на работните заедници, бидејќи практиката укажува дека односите не треба да се сведат само на писмено општење;

4. одборниците на седниците да ги претставуваат барањата и мислењата на работните луѓе, зашто тие треба да воспостават поголема соработка и допир со органите на управувањето и работните луѓе во работните организации од соодветните изборни единици;

5. да се зголеми иницијативата на органите на управувањето во работните организации во покренувањето на прашањата што треба да се разгледаат на седниците на соборите на работните заедници.

III

Извештајот за функционирањето на соборите на работните заедници и овој заклучок да се доставаат до општинските собранија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 3108
28 ноември 1969 година
Скопје

Претседател
на Соборот на општините,
**Филип Брајковски,** с. р.

---

**334.**

Врз основа на член 5 од Законот за книговодството на работните организации од општествените дејности („Службен весник на СРМ“, бр. 11/69), републичкиот секретар за финансии пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЕ НА УПАТСТВОТО ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО БИЛАНСОТ НА ПОЛОЖБАТА, БИЛАНСОТ НА УСПЕХОТ, ЗАКЛУЧНИОТ ЛИСТ И ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДЕЛОВНИОТ РЕЗУЛТАТ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА

1. Во Упатството за содржината на одделни позиции во билансот на положбата, билансот на успехот, заклучниот лист и образецот за деловниот резултат во текот на годината („Службен весник на СРМ“, бр. 13/69), во точката 4, став 3 под ред. бр. 1, се додава став кој гласи:

„Работните организации од општествените дејности што не се занимаваат со производствено-услужни дејности, под овој реден број го искажуваат вкупниот износ од контото 198, според завршната сметка од 1968 година“.

2. Во точката 5 во алинеа 5, по зборот „положба“, на место запирка се става точка, а зборовите „а во колоните 12 и 13 се внесуваат салдата на сметката на успехот“, се бришат.

3. По алинеа 5 се додава алинеа 6, која гласи: „во колоните 12 и 13 се внесуваат салдата од контата на класата 4, вклучувајќи го и контото 490, салдата од контата од групите 70 до 78 пред пренесување на контото 790, салдото на контото 790 пред пренесување на контото 830 односно контото 850, како и салдата на контата од класата 8 пред нивното меѓусебно затварање“.

4. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 07-2032
12. XI. 1969 година
Скопје

Републички секретар за финансии,
**Андон Макрадули,** с. р.

---

**335.**

Врз основа на член 5 од Законот за книговодството на работните организации од општествените дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 11/69), републичкиот секретар за финансии пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УПАТСТВОТО ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ

1. Во Упатството за содржината на одделни конта во контниот план за работните организации од општествените дејности („Службен весник на СРМ“, бр. 13/69), во точката 51 се додава нов став 2 кој гласи:

„Работните организации од општествените дејности што не се занимаваат со производствено-услужни дејности, при преносот на салдата во новите деловни книги за 1969 година, не вршат расчленување на контата 158 и 268. Заради усогласување на салдата со состојба од 31. XII. 1968 година со состојбата во деловните книги на 1. I. 1969 година, тие салда ги пренесуваат на истите конта (158 и 268), а веднаш потоа со друг книговодствен став, со црвено сторно истите се сторнираат“.

2. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 07-2032
12. XI. 1969 година
Скопје

Републички секретар за финансии,
**Андон Макрадули,** с. р.

# АКТИ НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Врз основа на член 66 од Законот за банките и кредитните работи, член 4 од Уредбата на Извршниот совет на СР Македонија за условите под кои ќе се одобруваат кредити од средствата на Заемот за зголемување на запосленоста и член 79 од Статутот на Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје, Извршниот одбор на Банката на својата IV-та редовна седница, одржана на ден 28. XI. 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОБЛИСКИ УСЛОВИ ПОД КОИ ЌЕ СЕ ОДОБРУВААТ КРЕДИТИ ОД СРЕДСТВАТА НА ЗАЕМОТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗАПОСЛЕНОСТА ВО СР МАКЕДОНИЈА

Член 1

Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје (во понатамошниот текст: Банка), во периодот на 1969, 1970 и 1971 година ќе одобрува кредити од средствата на Заемот за зголемување на запосленоста во СР Македонија, до вкупен износ на средствата што ќе се остварат врз основа на Законот за распишување на заем за зголемување на запосленоста.

Член 2

Кредитите од член 1 од оваа одлука, Банката ќе ги одобрува за следните намени:

— за реконструкција и проширување на постојните капацитети,

— за нови стопански објекти, и

— за трајни обртни средства.

Предност под еднакви услови за добивање кредити по претходниот став ќе имаат вложувања во терцијалните дејности.

Член 3

Кредитите од средствата на заемот ќе се одобруваат на работни организации од областа на стопанството.

Член 4

Средствата од заемот остварени на подрачјето на општината ќе служат за одобрување на кредити на работните организации од претходниот член со седиште во таа општина.

Средствата со кои Банката ќе учествува во кредитирањето за зголемување на запосленоста, Банката ќе ги одобрува за отварање на нови работни места на своето подрачје, иземајќи го Скопје.

Член 5

Кредити по оваа одлука, Банката ќе одобрува на кредитобарачи кои ги исполнуваат следниве услови:

1. Трајно запослување на лица што се евидентирани како безработни при заводите за запослување, при што да се обезбеди потребната кадровска квалификациона структура.

2. Економски оправдано инвестиционо вложување,

3. Отварање на нови работни места со просечно вкупно инвестиционо вложување за основни и трајни обртни средства, односно трајни обртни средства до 20.000 динари, за отварање на едно работно место, во просек на ниво на општината.

Предност при одобрувањето на кредитите од средствата на Заемот за зголемување на запосленоста, во случај на подеднакви останати услови, ќе имаат стопанските организации кои со иста висина на средства ќе запослат поголем број работници.

Член 6

Кредитите од средствата на Заемот за зголемување на запосленоста, Банката ќе ги одобрува со рок на враќање до 10 години и каматна стопа од 6% годишно.

Кредитите одобрени на работните организации ќе се отплатуваат во полугодишни ануитети.

Општините можат да одлучат кредитите од средствата на Заемот да се одобруваат на одделни инвеститори со пониска каматна стопа од 6% годишно, со тоа преземаат обврска разликата во каматата до 6% да и ја надомести на Банката која го одобрила кредитот.

Ако според постојните прописи, за одделни инвестициони вложувања е пропишана пониска каматна стопа од 6%, во тој случај кредитите од средствата на Заемот ќе се одобруваат со камата утврдена со тие прописи.

Член 7

Поединечните кредити од средствата на Заемот за зголемување на запосленоста, Банката ќе ги одобрува со рок на враќање од:

— за градежни работи, до 10 години,

— за опрема, до векот на траење, но најповеќе до 8 години, и

— за трајни обртни средства и останати намени, до 8 години.

Останатите услови под кои се одобрува кредитот ќе се регулираат со посебен договор помеѓу Банката и заемокорисникот.

Член 8

Кредитите од средствата на заемот ќе се одобруваат по пат на конкурс.

Конкурсот од претходниот став го распишува Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје.

Се овластува Генералниот директор на Банката да распише конкурс со поблиски услови за давање кредит за основни и трајни обртни средства за зголемување на запосленоста.

Член 9

За одобрување на кредити од средствата од Заемот одлучува Кредитниот одбор на Централата на Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје.

При одобрувањето на кредити од средствата на заемот од подрачјето на филијалите и другите банки Кредитниот одбор од претходниот став ќе одлучува во проширен состав со претставник од соодветна филијала односно банка.

Кредитното барање пред разгледување од страна на Кредитниот одбор, треба да биде разгледано од кредитниот одбор на надлежната филијала односно банката со учество на претставници на општината и заводот за запослување. При тоа да се имаат во предвид одредбите од оваа одлука, а особено во поглед на инвестициите по еден запослен.

Член 10

Одобрениот кредит од средствата на Заемот за зголемување на запосленоста, Банката ќе го откаже и ќе бара наплата на искористениот дел ако утврди дека корисникот на кредитите не обезбедил соодветно запослување на нови работници и не ги исполни другите услови предвидени со член 5 од оваа одлука.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 16103
8 декември 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор на Банката.
**Петар Ивановски**, с. р.

Генерален директор,
**Мишко Божиноски**, с. р.

Врз основа на член 93 од Законот за банките и кредитните работи, член 21 од Статутот на Банката и член 8 од Одлуката на Извршниот одбор на Банката за условите под кои ќе се одобруваат кредити од средствата на Заемот за зголемување на запосленоста, Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје,

распишува

## КОНКУРС

### ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТИ ОД СРЕДСТВАТА НА ЗАЕМОТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗАПОСЛЕНОСТА

I. Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје (во натамошниот текст: Банката) од средствата на Заемот за зголемување на запосленоста во 1969, 1970 и 1971 година, ќе одобрува кредити до износот на средствата што ќе се остварат врз основа на Законот за распишување на заемот за зголемување на запосленоста, за следниве намени:

1. За реконструкција и проширување на постојните капацитети,
2. за нови инвестициони објекти, и
3. за трајни обртни средства.

Предност под еднакви услови за добивање кредити по претходните ставки имаат вложувања во терцијалните дејности.

Со инвестиционите кредити за намените од точка 1, 2 и 3 ќе треба да се обезбеди натамошно унапредување и развиток на производството и прометот на кредитираните инвестициони објекти со што ќе се создадат услови за отварање на нови работни места.

II. Кредити за горните намени Банката ќе одобрува ако се обезбедуват следниве услови:

1. Трајно запослување на лица што се евидентирани како безработни при заводите за запослување, при што да се обезбеди и потребната кадровска и квалификациона структура,
2. Економски оправдани инвестициони вложувања, и
3. Отварање на нови работни места со просечно вкупно инвестиционо вложување од сите извори на средствата за основни и трајни обртни средства, односно трајни обртни средства до 20.000 динари за отварање на едно ново работно место, во просек на ниво на општина.

III. Кредитите ќе се одобруваат со рок на отплата до 10 години и со каматна стопа од 6% годишно, а по поедини намени:

— за градежни работи, до 10 години,

— за опрема, до векот на траење на опремата, но не повеќе од 8 години, и

— за трајни обртни средства и останати намени, до 8 години.

За одобрување на кредити на индивидуално занаетчиство, заемобарачите се должни да учествуваат со сопствени средства во висина од 40% од пресметковната вредност на инвестицијата.

Банката ќе одобрува кредити на инвеститори и со пониска камата од 6% годишно, до колку општината донесе одлука со која презема обврска дека разликата во каматата до 6% ќе ѝ ја надомести на Банката која го одобрила кредитот.

Ако според постојните прописи за одделни инвестициони вложувања е пропишана пониска каматна стопа од 6%, во тој случај кредитите од средствата на Заемот ќе се одобрат со камата сообразена со тие прописи.

Кредитите од страна на работните организации ќе се отплатуваат во полугодишни ануитети.

IV. Барањето за инвестициониот кредит треба да ги содржи сите потребни елементи за оценка на инвестиционото вложување, а посебно треба да бидат опфатени следниве работи:

— целта за која се бара кредитот,

— висината и рокот на враќање на кредитот,

— бројот на работните места што ќе бидат отворени и кога работниците ќе можат да се запослат, со утврдување на квалификационата структура по работни места и,

— рентабилноста на вложувањето.

Предност при одобрувањето на кредитите од Заемот за зголемување на запосленоста, во случај на подеднакви други услови, ќе имаат оние стопански организации кои со добиените средства ќе запослат поголем број работници и понудат покус рок на враќање на кредитот.

V. Кредитобарачот е должен кон барањето за инвестициониот кредит да приложи економско-техничка документација, и тоа:

1. Инвестициона програма со техничка документација. Програмата треба да биде изготвена според Основниот закон за изградба на инвестициони објекти („Службен лист на СФРЈ", број 20/67 година), особено кога се работи за нови стопански објекти.
2. Да приложи договор склучен помеѓу Заводот за запослување и инвеститорот-кредитобарачот за бројот на работниците што ќе бидат запослени и нивната квалификациона структура.
3. Одлука за задолжување на кредитобарачот, донесена од надлежниот орган на управувањето.
4. Завршна сметка за изминатата година (образец ЗС-1 до ЗС-8), како и последната периодична пресметка.

VI. За барањата за кредити за инвестиции, со пресметковна вредност до 500.000 динари и за трајни обртни средства, кредитобарачот треба да и поднесе на Банката скратена инвестициона програма.

VII. Барањата со документацијата, кредитобарачите да ги доставуваат до централата на Банката — Скопје, преку филијалите на Банката односно преку Комерцијално-инвестиционата банка Битола и Комерцијалната банка Бор филијала Неготино.

VIII. Одобрувањето на кредитите ќе го врши Кредитниот одбор на Централата при Банката.

IX. Конкурсот ќе биде отворен до исцрпување на остварените средства од распишаниот заем за зголемување на запосленоста.

Кредитобарачите своите барања можат да ги поднесуваат веднаш по објавувањето на овој конкурс.

Број 16103
8 декември 1969 година
Скопје

Генерален директор,
**Мишко Божиноски**, с. р.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

Катерина Северова од Крива Паланка, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот, против Винко Север, со непозната адреса.

Бидејќи адресата на тужениот е непозната, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник. Во противно судот по службена должност ќе му го одреди за застапник Славе Голубовски, приправник во Окружниот суд во Штип и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 300/69. (81)

---

Мами Гулша од Штип поднесе до овој суд тужба за развод на бракот, против Демир Зејнелов, сега во неизвесност. Бидејќи адресата на тужениот е непозната, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди застапник. Во противно судот по службена должност ќе му го одреди за застапник Ванчо Андонов, адвокат од Штип и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 117/69. (83)

Крстовски Ефремов Стојан од село Горобинци, Свети Николе, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Базар Славица, сега во неизвесност. Бидејќи адресата и местожителтвото на тужената се непознати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“, да се јави или да одреди застапник. Во противно судот по службена должност ќе и го одреди за застапник Ванчо Андонов, адвокат од Штип, и делото ќе се разгледа во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 87/69. (84)

---

Елка Драгиќевиќ од Штип поднесе до овој суд тужба за развод на бракот, против Богољуб Драгиќевиќ, со непозната адреса.

Бидејќи адресата на тужениот е непозната се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“ да се јави, или да одреди свој застапник. Во противно судот по службена должност ќе му го одреди за застапник Глигор Крлански, приправник во Окружниот суд — Штип и делото ќе се разгледа во негово отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 308/69. (85)

Пантелеј Бјадов од Струмица поднесе до овој суд тужба за развод на бракот, против Бранислава Бјадова, со непозната адреса.

Бидејќи адресата на тужената е непозната се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“, да се јави или даа одреди свој зстапник. Во противно судот по службена должност ќе ѝ го одреди за застапник Јордан Донев, приправник во Окружниот суд во Штип и делото ќе се разгледа во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 150/69. (86)

---

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, на 18. IV. 1969 година, рег. бр. 117/65 е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Ефтимоски Милорад, досегашен управник на Основното училиште „Страшо Пинџур“ од село Мало Коњари, Прилепско.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 17/69. (508)

---

Се овластува Маркоски Владо Трајче, директор, да го потпишува училиштето.

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 397, страна 633, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник на Здравствениот дом „Идадија“ — Скопје, д-р Константин Робев, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност в. д. директор.

За директор на Здравствениот дом „Идадија“ — Скопје е назначен д-р Љубомир Хаџи Василев, кој истиот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Ралев Трајко, заменик на пом. управникот, Оливера Спишиќ, сметководител и Александар Богдановски, шеф на сметководството, сметано од 9. V. 1969 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 48 од 30. V. 1969 година. (621)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 9. IX. 1969 година, рег. бр. 78/66 е запишано следното: Им престанува овластувањето на Никола Милош Лозановски, управник и Никола Димитровски, да ја потпишуваат Заштитната работилница за преквалификација на инвалидите „Пензионеро-ориентална слаткарска и гостилничарска“ — Битола.

Му престанува овластувањето на Чулаковски Славе, заменик на директорот, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола. Ус. бр. 30/69. (1341)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите на 30. IX. 1969 година рег. бр. 4/65, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Поповски С. Никола, директор на Ветеринарната станица во Прилеп.

Се овластува Стеваноски Стеван, директор, покрај досегашниот потписник Аризоноски Милош, благајник, да ја потпишува установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 37/69. (1342)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 588,страна 431, книга III е запишана под фирма: Заштитна работилница за рехабилитација и запослување на слепи „Слобода“ — Куманово — Погон за промет „Унион“ — Скопје — Продавница во Куманово, ул. „Ленинова“ бр. 8. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на сувенири, текстилни производи, галантерија, бижутерија, накит и др.

Продавницата е основана од Советот на работната заедница на Претпријатието „Унион“ — Скопје, со припојување кон Заштитната работилница „Слобода“ — Куманово како погон за промет „Унион“ — Скопје, со решението Ус. бр. 93/68 од 25. IX. 1968 година.

Раководител на продавницата е Митевска Сунчица.

Продавницата во Куманово ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Погонот „Унион“ во Скопје, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 33 од 9. X. 1969 година. (1381)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 588,страна 431, книга III е запишана под фирма: Заштитна работилница за рехабилитација и запослување на слепи „Слобода“ — Куманово — Погон за промет „Унион“ — Скопје, Продавница во Куманово, ул. „Маршал Тито“ бб. Предмет на работењето на продавницата е промет на мало со индустриски стоки од сите домени.

Подавницата е основана од Советот на работната заедница на Претпријатието „Унион“ — Скопје со присоединување кон Заштитната работилница „Слобода“ — Куманово како погон за промет „Унион“ — Скопје, со решението Ус. бр. 93 од 25. IX. 1968 година.

Раководител на продавницата е Цаневски Боро.

Продавницата во Куманово ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Погонот „Унион“ во Скопје, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 34 од 9. X. 1969 година. (1382)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 588, страна 431, книга III е запишана под фирма: Заштитна работилница за рехабилитација и запослување на слепи „Слобода“ — Куманово — Погон за промет „Унион“ — Скопје, продавница во Скопје, ул. „Стив Наумов“ бр. 119. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на индустриски стоки од сите домени.

Продавницата е основана од Советот на работната заедница на Претпријатието „Унион“ — Скопје, со припојување кон Заштитната работилница „Слобода“ — Куманово, како Погон за промет „Унион“ — Скопје, со решението Ус. бр. 93 од 25. IX. 1968 година.

В. д. раководител на продавницата е Чушкар Костанда.

Продавницата во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Погонот „Унион“ — Скопје, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 35 од 21 X. 1969 година. (1383)

# РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 18. III. 1969 година, рег. бр. 528, реден број 9 е запишано основањето на Продавница број 12, со седиште во село Едрениково, Струмичко.

Продавницата ќе врши продажба на сите видови прехранбени производи, земјоделски производи, овошје и зеленчук, продажба на сите видови алкохолни и безалкохолни пијалоци, на големо и мало и колонијални стоки.

Продавницата е основана од Земјоделскиот комбинат „Струмичко Поле" од Струмица.

Раководител на продавницата е Герасим Коста Колев, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на комбинатот.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 02-361/1 од 26. II. 1969 година на принудната комисија на комбинатот и уверението бр. 10-18/108 од 21. II. 1969 година, на Санитарната инспекција на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 90/69. (1056)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 11. III. 1969 година, страна 329, реден број 2 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Виница, ул. „Маршал Тито" бр. 27.

Продавницата ќе врши продажба на електротехнички материјали и железарија, бои и лакови, садови и чинго и порцелански и други индустриски стоки на мало.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие на големо и мало за купопродажба и посредување „Дунав" од Скопје.

Раководител на продавницата е Никола Стојменов Филипов, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето е извршено во регистарот, врз основа на одлуката бр. 612 од 27. VII. 1968 година на советот на работната заедница и решението бр. 08-1651 од 16. X. 1968 година на Санитарната инспекција на Собранието на општината Виница.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 103/69. (1050)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 612, страна 509, книга II е запишана под фирма: Претпријатие за производство на детска конфекција „Наше дете" — Скопје — Продавница број 12 во Гостивар, ул. „Мајор Ч. Филиповски" бр. 10. Предмет на работењето на продавницата е продажба на лесна и тешка детска конфекција, долна и горна облека, патики, капи, чорапи, комбинезони, трикотажа и трговска дополнителна стока.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Претпријатието за производство на детска конфекција „Наше дете" — Скопје, со одлуката број 220 од 6. II. 1968 година.

Раководител на продавницата е Ѓорѓиевска Љубица.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 408/68 од 12. VIII. 1969 година. (950)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 323, страна 11, книга II, е запишана под фирма: „Горни Полог" — претпријатие за промет, снабдување, ускладиштување и индустриска кланица со ладилник — Гостивар — Продавница за риби „Пастрмка" — Гостивар, ул. „Борче Јованоски" бр. 58. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови риба и сите видови на конзерви од риба.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Горни Полог" — претпријатие за промет, снабдување, ускладиштување и индустриска кланица со ладилник — Гостивар, со одлуката од одржаната седница на 2. VI. 1969 година.

Раководител на продавницата е Стојановски Андра Филип.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 632 од 28. VIII. 1969 година. (951)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 307, страна 163, книга II, е запишана под фирма: Претпријатие за изработка на современа конфекција „Први мај" — Пирот — Продавница во Куманово, ул. „Ленинова" бр. 36. Предмет на работењето на продавницата е промет со конфекција и трикотажа.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Претпријатието „Први мај" — Пирот, со одлуката бр. 586 од 15. IV. 1968 година.

Раководител на продавницата е Стоимановски Војислав.

Продавницата ќе ја потпишува Стоимановски Војислав, раководител.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 714/68 од 29. V. 1969 година. (952)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 306, страна 159, книга II е запишана под фирма: „Полет" — трикотажа, претпријатие за преработка на волнени и памучни предива и вршење услуги — Сврлиг — Продавница број 14 во Куманово, ул. „Гоце Делчев" бб. Предмет на работењето на продавницата е промет на памучни и волнени предива — трикотажа.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Полет" — трикотажа, претпријатие за преработка на волнени и памучни предива и вршење услуги — Сврлиг, со одлуката од одржаната седница на 1. VII. 1968 година.

Раководител на продавницата е Краиновиќ Живана.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 476 од 24. VII. 1969 година. (953)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 222, страна 725, книга I е запишана под фирма: Занаетчиска папуџиска задруга „Млад задругар" од Куманово, Продавница број 1 во Куманово, ул. „Иво Рибар Лола" бр. 9. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сопствени производи, папучи и кондури, како и производи од надлежноста — комисиона продажба.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Занаетчиската папуџиска задруга „Млад за-

другар" — Куманово, со одлуката бр. 227 од 11. XI. 1968 година од одржаната седница на 14. X. 1968 год.

Раководител на продавницата е Кузмановиќ Милоша Михајло.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1178/68 од 13. VIII. 1969 година. (954)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 88, страна 1327, книга I е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со мешани стоки „Маврово" од Гостивар — Продавница „Кале" во Кичево, ул. „Маршал Тито" бр. 14. Предмет на работењето на продавницата е промет со текстил, куса и плетена стока и конфекција, прехранбени артикли и предмети за куќни потреби, галантериска и базарска стока ,играчки, јажарска стока, каделни и јутени производи, тутунски преработки, кибрит и прибор, мешана индустриска стока, алкохолни и безалкохолни пијалоци, бои, лакови, хемикалии и прибор, парфимериска и козметичка стока, стакло, порцелан и керамичка стока, жита и преработки од жита.

Продавницата е основана од работничкиот совет, со одлуката бр. 1120/68 од 19. V. 1969 година од одржаната седница на 4. IX. 1968 година.

Раководител на продавницата е Селимоски Мустафа.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 453 од 13. VIII. 1969 година. (955)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 38, страна 287, книга I е запишана под фирма: Комбинат „Југопластика" — Сплит — Продавница во Кичево, ул. „11 октомври" бр. 4. Предмет на работењето на продавницата е трговија на мало, со сопствени производи од пластични маси и гуми, како и со конфекција, галантерија, чевли и амбалажа од природни уметни материи и со производите на ковинската галантерија, други предмети поради дополнување на асортиманот.

Продавницата е основана од Централниот работнички совет, со одлуката бр. 67/6-67 од 21. II. 1967 година.

Раководител на продавницата е Бранко Колев Симјановски, раководител.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Бранко Колев Симјановски, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1287/67 од 29. V. 1969 година. (956)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 27, страна 237, книга I е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Бор" — Кичево — Продавница број 10 во село Премка, Кичевско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на прехранбени стоки како и дел на железарски производи.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало „Бор" — Кичево, со одлуката бр. 02-323/1 од 22. V. 1968 година.

Раководител на продавницата е Кузмановски Витомир.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 695/68 од 13. VIII. 1969 година. (957)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 37, страна 283, книга I е запишан под фирма: Земјоделски комбинат „Црна Река" од село Тополчани, Прилепско — Погон во Македонски Брод. Погонот ќе ја обавува регистрираната дејност на задругата, со исклучок на сточарство.

Погонот е основан од Земјоделскиот комбинат „Црна Река", село Тополчани — Прилепско, со присоединување на Земјоделската задруга „Млад задругар" — Македонски Брод, како погон (решение на Окружниот стопански суд Битола, Фи. бр. 290/66 од 27. VI. 1966 година).

Погонот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Арсовски Стојмир, раководител на погонот и Симјановски Миле, книговодител на погонот, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 731 од 29. VIII. 1969 година. (958)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 539, страна 113, книга III е запишана под фирма: „Први мај" претпријатие за современа конфекција и трикотажа — Пирот — Продавница во Кавадарци, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 30. Предмет на работењето на продавницата е продажба на производите на претпријатието основач (конфекција, трикотажа, постелнина) и дополнителен асортиман (кожна галантерија, горна и долна облека).

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Први мај" претпријатие за современа конфекција и трикотажа — Пирот, со одлуката од одржаната седница на 8. XII. 1967 година.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Стојев Петар, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1/68 од 29. V. 1969 година. (959)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 141, страна 41, книга III е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Вардар" — Неготино — Самопослуга во Неготино, ул. „Маршал Тито" бб. Предмет на работењето на самопослугата е промет на мало со разна стока од широка потрошувачка, колонијални и прехранбени артикли, месни и сувомесни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, пакувано брашно, цигари, козметички препарати, кибрит, детски играчки, школски и канцелариски материјали и прибор, емајлирани садови, стакларија и др.

Самопослугата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие „Вардар" — Неготино, со одлуката од одржаната седница на 30. V. 1969 година.

Раководител на самопослугата е Димов Никола Тодор.

Самопослугата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 754 од 29. VIII. 1969 година. (960)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1303, страна 122, книга III е запишана под фирма: „Герас Цунев" — модна конфекција — Струмица — Продавница број 12 во Скопје, ул. „Маршал Тито" бр. 45. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на конфекциски стоки.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Герас Цунев" — модна конфекција — Струмица, со одлуката бр. 3 од одржаната седница на 23. IX. 1968 година.

Раководител на продавницата е Кочо Јорданов Талески, од Скопје.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1237/68 од 20. V. 1969 година. (962)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1304, страна 124, книга VI е запишана под фирма: Општа земјоделска задруга — Прешево — Продавница број 5 во населбата „Сингелиќ". Предмет на работењето на продавницата е продажба на месо и сувомесни производи.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Земјоделската задруга Прешево, со одлуката бр. 221-1 од 10. VIII. 1968 година.

Раководител на продавницата е Величков А. Петар.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, Величков А. Петар. Истиот може да ја задолжува во висина од 50.000 нови динари.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 53 од 19. V. 1969 година. (963)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1252, страна 1483, книга V е запишана под фирма: Претпријатие за промет на големо и мало со земјоделско-сточарски производи и индустриски стоки „Кожар" — Скопје — Откупна станица во Скопје, ул. „Битпазар" бр. 50. Предмет на работењето на Откупната станица е откуп на волна и сурова и сува кожа.

Откупната станица е основана од советот на работната заедница, со одлуката од одржаната седница на 16. V. 1969 година.

Раководител на откупната станица е Тодоровски Борислав.

Откупната станица во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 749 од 4. IX. 1969 година. (964)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1306, страна 128, книга VI е запишано под фирма: „Кварнер експорт" — претпријатие за сообраќај со патници и туристи — Опатија — Претставништво во Скопје, ул. „150" бб. Предмет на работењето на претставништвото е организација и спроведување на патувања во земјата и странство; организација и спроведување на излети и разгледување знаменитости; организација и спроведување на дочеци, прифаќање, сместување, испраќање и трансвера на патници и багаж во нашата земја и во странство; вршење водичка служба; вршење работи околу организирање на конгреси, конференции, турнири и слично; продажба на сите видови возила, исправи, како и продажба на карти за кола за спиење, вршење превоз на патници и туристи; вршење менувачка служба; застапување на туристички претпријатија од земјата и странство во работите кои се предмет на работа на туристичките претпријатија; работи околу прибавување на исправи за патување во странство; посредување околу осигурување на патници и туристи, патничкиот багаж и моторни возила, прибавување на царински документи за моторни возила; организација на лов и риболов и прибавување на возила за лов и риболов; туристичка информативна служба; продажба на предмети за спомен, разгледници и туристичка пропаганда, литература како и издавање туристичко-пропаганден материјал; пресметка за извршени работи со странство, односно директно пресметување со странски комитенти во земјата, врз основа на директно склучени договори или аранжмани за престој и сместување на странски туристи во нашата земја како и домашни туристи во странство.

Фотографска занаетчиска дејност со право на работа и со трети лица, снимање и изработка на туристички фотографии, продажба на разгледници, фоторепортажа и примање за изработка на готови филмови т.е. продажба на истите; посредување при продажбата на влезни билети за спортски приредби и културни приредби како и за галерии и музеи; вршење услуги со чување и отпрема на патнички багаж и други патнички предмети (гардероба); вршење на сервисна служба за моторни возила; услуги за хотелски сместувања на патници и туристи во сопствени објекти; укажување на сите видови угостителски, ресторански и гостилничарски услуги.

Надворешно-трговско работење: туристички работи со странство.

Претставништвото е основано од работничкиот совет на „Кварнер-експрес" — Опатија, со одлуката од одржаната седница на 13. IX. 1968 година.

Претставништвото во Скопје ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Крстев Глигор, в. д. шеф на претставништвото, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1169/68 од 23. VI. 1969 година. (965)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 94, страна 18, книга VI е запишана под фирма: Трговско угостителско претпријатие на големо и мало „Снежана" — Ѓорче Петров — Продавница во Скопје, ул. „Водњанска" бр. 246. Предмет на работењето на продавницата е продажба на кафе мелено, пржено, и продажба на сите видови трговски стоки, имено разновидни чоколади, наполитанки, бонбони, бисквити и друго.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Претпријатието „Снежана" — Ѓорче Петров, со одлуката од одржаната седница на 29. X. 1968 година.

Раководител на продавницата е Рајчевска Анастасија.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 70 од 14. III. 1969 година. (966)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 405, книга V е запишана под фирма: Трговска работна организација на мало и големо „Овче Поле" — Скопје — Продавница број 54 во Скопје, ул. „464" бр. 76. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијална стока.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговската работна организација на мало и големо „Овче Поле" — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 15. V. 1967 година.

Раководител на продавницата е Јовановски Јован.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 65 од 16. XII. 1968 година. (967)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 405, книга V е запишана под фирма: Трговска работна организација на мало и големо „Овче Поле" — Скопје — Продавница број 50 во Скопје, ул. „Маршал Тито" бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на овошје и зеленчук.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Овче Поле“ — трговска работна организација на мало и големо — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 15. V. 1967 година.

Раководител на продавницата е Душко Гуцевски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 264 од 19. XII. 1968 година. (968)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205 страна 405, книга V е запишана под фирма: Трговска работна организација на мало и големо „Овче Поле“ — Скопје — Продавница за кафе, ул. „11 октомври“ бб. (карши Општината „Кисела Вода“). Предмет на работењето на продавницата е продажба на кафе.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговската работна организација на мало и големо „Овче Поле“ — Скопје, со одлуката број 02/2-8074 од 27. XII. 1968 година.

Раководител на продавницата е Камчева Трајанка.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1206 од 16. XII. 1968 година. (969)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 405, книга V е запишана под фирма: „Овче Поле“ — трговска работна организација на мало и големо — Скопје — Продавница (самопослужна) во Скопје, населба „Жданец“. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на прехранбени и колонијални стоки.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговската работна организација на мало и големо „Овче Поле“ — Скопје, со одлуката број

Раководител на продавницата е Јовановски Јован.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1207 од 13. XII. 1968 година. (970)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 405, книга V е запишана под фирма: Трговска работна организација на мало и големо „Овче Поле“ — Скопје — Продавница за овошје и зеленчук во Скопје, ул. „Маршал Тито“ бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на овошје и зеленчук.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговската работна организација, на мало и големо „Овче Поле“ — Скопје, со одлуката број 03/2-873 од 27. XI. 1968 година.

Раководител на продавницата е Горшева Васка.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1208 од 13. XII. 1968 година. (971)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 787, страна 777, книга V е запишана под фирма: Угостителско претпријатие „Метропол“ — Скопје — Продавница во Скопје, ул. „Маршал Тито“ бб. Предмет на работењето на продавницата е производство и продажба на сладолед со автомат.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Угостителското претпријатие „Метропол“ — Скопје, со одлуката бр. 1704 од 17. XI. 1967 година.

Раководител на продавницата е Куновски Никола.

